

# Четворица обвинети за пукањето во близина на зградата на Општина Чаир

20/01/2025 - 15:01 206

Од: **А1он**

SHARE

По спроведена истражна постапка и испитување на сите околности, надлежен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје поднесе обвиненија против вкупно четири лица за инцидентот кој се случи на 14.10.2024 година во близина на зградата на Општина Чаир, кога при пукање со огнено оружје – пиштол беше повредено едно лице, соопшти ОЈО.

Добивај вести на вибер

„Првообвинетиот се товари за – Тешки дела против општата сигурност од член 292 став 1 во врска со член 288 став 1, второобвинетиот за – Предизвикување општа опасност од член 288 став 1 и Учество во тепачка од член 132 став 1, додека двајцата останати за кривично дело – Учество во тепачка од член 132 став 1 од Кривичниот законик.

Обезбедениот доказен материјал упатува на дејствијата на секој од обвинетите поединечно, при што првообвинетиот при тепачка неконтролирано испукал еден куршум со пиштол и нанел тешка телесна повреда – огнострелна рана во левата потколеница кај оштетениот, кој пак на обвинетиот му нанел расекотина во главата со остар предмет. Останатите тројца обвинети претходно ја започнале вербалната расправија и тепачка со оштетениот. Во текот на целиот инцидент и второобвинетиот неконтролирано замавнувал со пиштол и испукал еден куршум во непознат правец, предизвикувајќи со тоа значителна опасност по животот и телото на луѓето.

Првообвинетиот во времето на извршување на кривичното дело бил осуден лице кое користело поволности во установата каде ја извршува казната, па од тие причини уште при поведувањето на истрагата јавниот обвинител предложи да му биде определена мерка притвор. Со поднесувањето на обвинението предложено е продолжување на притворската мерка, извести обвинителството.

## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА



Падна и последниот осомничен во предметот „Планина“



Предложен е притвор за осомничените криумчари на луксузни автомобили



ОЈО: За осомничениот во „Адитив“ нема известување од Судот дека е недостапен



Обвинителството оформи предмет по допрен глас за изјавата на Мицкоски дека бил следен



Коцевски најави повеќе сложени предмети и од областа на финансискиот криминал



ВМРО-ДПМНЕ: Обвинителството да не чека, веднаш да постапи по Извештајот на ДЗР









FACEBOOK LIKE
TWITTER FOLLOW
INSTAGRAM FOLLOW
YOUTUBE SUBSCRIBE

## НАЈЧИТАНИ.



Шеширот на Меланија Трамп предизвика различни реакции: Дали беше прикладен за инаугурацијата?

posted on 20/01/2025



ВИДЕО: Трамп помилува 1600 напаѓачи на Конгресот, го преименува Мексиканскиот залив

posted on 21/01/2025



Маск ја прослави инаугурацијата на Трамп во Вашингтон: „Вака изгледа победата“

posted on 20/01/2025



Трамп ќе му каже на Путин да ја прекине војната, ако одбие, имаме план – открива неговиот тим

posted on 21/01/2025



На Онкологија нема биолошка терапија

posted on 21/01/2025



@2019 - А1он. Сите права задржани.